ДРЖАВНА ВИДЕОЛОТАРИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
CASINOS AUSTRIA

Ул.8-ма Ударна Бригада бр. 14, 1000 Скопје
тел. (02) 55 11 690 (02) 55 11 691
contact@videolottery.mk

бр. 05-3061/2
10.07. 2019
СКОПЈЕ

**ОТВОРЕН ПОВИК број 01/2019 ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ЗАКУП НА МЕДИУМСКИ ПРОСТОР**

За потребите за рекламирање на игрите на среќа на Државна Видеолотарија, потребен ни е закуп на рекламен простор на електронски и онлајн медиуми.

За таа цел објавуваме отворен повик со покана за доставување на понуди за закуп простор и тоа:

1. Закуп на медиумски простор на онлајн медиуми,
2. Закуп на медиумски простор на агрегат на медиуми,
3. Закуп на медиумски простор на радио станици,

со следните спецификации:

**I. Медиумски простор на онлајн медиуми**

Понудувачите потребно е да достават пакет цена за емитување за еден месец (за годишен договор), што содржи:

- Објава на банер, со линк до страната на Државна Видеолотарија
- Понудувачот е согласен редовно да објавува известувања добиени од страна на Државна видеолотарија
- Понудувачот е согласен редовно да присуствува на прес настани организирани од Државна видеолотарија
- Реализација на интервју со лице од Државна Видеолотарија по договор

**II. Медиумски простор агрегат**

Понудувачите потребно е да достават пакет цена за емитување за еден месец (за годишен договор), што содржи:

- Објава на банер на деск опцијата, со линк до страната на Државна Видеолотарија
- Објава на банер на мобилната опција, со линк до страната на Државна Видеолотарија

**III. Медиумски простор на радио станици**

- Рекламно време од 1000 секунди неделно за емитување радио пораки по заеднички усогласен медиа план

- Спонзорирано време во утринска и/или попладневна програма (драјф тајм термини). Спонзорираната програма да содржи пакет: име на спонзор во насловот на емисијата, 4 кратки џинглови (Име на емисијата и спонзор), радио реклами 6 емитувања дневно и 2 комерцијални презентации
- Проследување на известувања од ПР како комерцијална презентација, едно на неделно ниво, во комерцијална презентација до 45 секунди
- Реализација на интервју со лице од Државна Видеолотарија по договор.
- Понудувачот е согласен редовно да присуствува на прес настани организирани од Државна Видеолотарија
- Понудувачите со регионална покриеност, треба да го наведат регионот на покривање

**Минимум критериуми:**

- ✓ **Професионална способност:**

- За да учествува во постапката за доделување на договор, понудувачот треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на повикот, или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

- Да достави предлог План и програма за емитување на рекламите на Државна Видеолотарија. Планот за медиуми ќе се усогласи согласно насоките на Државна Видеолотарија.

- **Понудувачите, вредноста на услугите предмет на овој јавен повик, да ја доставaт како месечна цена, во која не е содржан данокот на додадена вредност и истиот да се пресмета како посебен износ**

- **Со избраните понудувачи, набавувачот ќе склучи договор за соработка за период, вид на објави и динамика согласно своите потреби и можности.**

- **Државна видеолотарија го задржува правото да не склучи договори за медиумски закуп.**

**Сите заинтересирани страни, Ве молиме вашите понуди (во затворени коверти со назнака "ЗА ОТВОРЕН ПОВИК 01/2019 – ЗАКУП НА МЕДИУМСКИ ПРОСТОР") да ни ги доставите преку архивата на Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со седиште на ул. „8-ма Ударна Бригада" број 14, 1000 Скопје.**

*Комисија за спроведување на јавен повик*

Државна видеолотарија на Република Македонија Касинос Аустриа ДОО Скопје